Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 306//0306
22.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 04.07.2025 година, врз основа на примена жалба од **Сали Мемед,** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Дел од емисијата **(епизода 188), од поткастот Тешки Муабети со Филип, Мечка и Миќо, емитувана на Јутјуб каналот на Инфомакс (infomax.mk), на 05.06.2025 г.**, отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 07.06.2025 г., упати жалба за дел од емисијата (епизода 188), од подкастот Тешки Муабети со Филип, Мечка и Миќо, емитувана на Јутјуб каналот на Инфомакс (infomax.mk), на 05.06.2025 г., при што се жали на „говор на омраза и дискриминација “.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „е дозволено од страна на дел од новинарите/модератори на емисијата „ТЕШКИ МУАБЕТИ“ како и присутните во студиото, односно тимот на реализација на емисијата, со потсмев, со деградација преку употреба на пежоративот ЦИГАН, кој носи нетрпеливост и расна навреда, да придонесе за говор на омраза и диксриминација на етничка основа кон ромската заедница“.

Дополнително, наведува жалителот, се забележува кикотење и од страна на новинарот Милош Милошевски при употреба на зборот РОМ, наместо ЦИГАН од страна на соговорникот Филип Петровски.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека дел од емисијата (епизода 188), од поткастот Тешки Муабети со Филип, Мечка и Миќо, емитувана на Јутјуб каналот на Инфомакс (infomax.mk), на 05.06.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што е се прекршени член 10 и член 11 од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за пример на дискриминација и стереотипизација на етничко малцинство, со повеќеслојна одговорност – на говорникот, на другите гости и на продукцискиот тим.

Не е доволно тврдењето на говорникот дека конкретниот термин не бил употребен со навредлива намера. Во етиката на медиумите и јавната комуникација не е решавачка намерата, туку ефектот врз публиката. Особено кога станува збор за припадници на маргинализирана заедница, каква што е ромската.

Зборот „Циган“, а особено фразата „цигански работи“, сугерираат негативни карактеристики, кои неправедно и расистички се припишуваат на цела етничка заедница.

Иако интервенцијата на водителот е позитивен чин, кој укажува дека и кај него, но делумно и кај учесниците постои свест за тоа дека употребата на вакви термини не е соодветна или барем не е општествено прифатлива, самата интервенција не е доволна и убедлива за да се смета дека нема прекршување на Кодексот, а впрочем доаѓа и предоцна. Покрај тоа, смеата на останатите учесници во емисијата, во моментот на интервенцијата, дополнително го ‘нормализира’ изборот на зборовите и може да се перципира како отсуство на свест за сериозноста на сторената навреда кон ромската заедница.

Од тука, Комисијата смета дека се прекршени членовите 10 и 11 од Кодексот на новинарите на Македонија кои го регулираат ова прашање:

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

**Член 11**

Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

* * *

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595